# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 24 Јуни<br>2021 година<br>Службен гласник број 6<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: „Прилепски бранители “ бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk,***
***емаил:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основ на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТРУЧНИ КОМИСИИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ТОПОЛЧАНИ, ЧЕПИГОВО, ТРОЈКРСТИ, АЛИНЦИ, КАНАТЛАРЦИ, ЕРЕКОВЦИ И КЛЕПАЧ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Решението за определување стручни Комисии за процена на штети во населените места Тополчани, Чепигово, Тројкрсти, Алинци, Канатларци, Ерековци и Клепач во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-1617/1
24.06.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основ на член 143 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на РМ’’ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) и Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди (“Службен весник на РМ” бр. 75/2001), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 24.06.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за определување стручни Комисии за процена на штети во населените места Тополчани, Чепигово, Тројкрсти, Алинци, Канатларци, Ерековци и Клепач во Општина Прилеп

1. Со ова Решение се определуваат две стручни комисии за процена на штетите во Општина Прилеп, настанати од невремето проследено со обилните врнежи на дожд, силен ветар и град настанати на ден 21.06.2021 година.

2. Комисиите се составени од 3 члена, стручни лица.

3.За проценка на штетите на земјоделски култури, посеви, овошки, тутун и други земјоделски култури во сопственост на граѓаните во Општина Прилеп, се определуваат две стручни комисии во состав:

Прва комисија:
-Зоран Пачешкоски, претседател
-Абдула Бајрамоски, член
-Стеван Велјаноски, член

Втора комисија:
-Жани Петанчески, претседател
-Дејан Ѓокоски, член
-Александар Ѓорески, член

4. Задача на стручните комисии е да извршат непосреден увид и проценка на штетите. При проценката, стручните комисии да се раководат од основните принципи за штетите предвидени со Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди.

5. Проценката на штетите треба да биде извршена во рок од 30 дена од подигнувањето на барањата од архива.

6.Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

7. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

бр.09-1615/2
24.06.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

***СОДРЖИНА***
***на Службен гласник на Општина Прилеп број 6 од 24.06.2021 година***

1. Решение за определување стручни Комисии за процена на штети во населените места Тополчани, Чепигово, Тројкрсти, Алинци, Канатларци, Ерековци и Клепач во Општина Прилеп..........................................................................................................................................стр.1

ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Илија Јованоски -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Марија Маркоска Трајаноска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци